СДСМ
И КОАЛИЦИЈАТА

Програма 2025-2029

# ОПШТИНА ЖЕЛИНО

СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!

СОВЕТНИЧКА ЛИСТА

5



# Советничка листа на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија и коалицијата за Општина Желино

Почитувани сограѓани,
Со чувство на одговорност и посветеност ја прифативме честа и довербата да бидеме дел од советничка листа на СДСМ и да придонесеме за подобро и поправедно Желино.
Секогаш сме се залагале за просперитет на Желино. Нашата лична заложба ќе продолжи да биде во функција на подобрување на условите за сите жители на Желино, особено за младите кои имаат иднина тука, а не надвор од нашата земја.
Желино заслужува современа инфраструктура, подобро образование, почиста животна средина и услови за достоинствен живот. Заедно можеме да ја претвориме оваа визија во реалност.
Ве повикуваме да ни ја дадете вашата доверба, вашата поддршка и вашиот глас.

1. Дашмир Афети, р. 1976, работи во ДУТ, СДСМ
2. Ермира Зибери, р. 2001, професор по германски јазик, СДСМ
3. Алмир Челеби, вработен во дирекција на Кипер, СДСМ
4. Фисник Рахмани, студент, СДСМ
5. Несет Мемети, СДСМ
6. Дуриме Сејфули, СДСМ
7. Мухамет Усеини, СДСМ
8. Елмедин Селмани, СДСМ
9. Фатиме Мурати, студент, СДСМ
10. Дритон Адили, р. 2001, ИТ менаџер, СДСМ
11. Ермир Рамадани, р. 2001, СДСМ
12. Замира Селими, СДСМ
13. Емир Лимани, р. 2003, СДСМ
14. Блерта Хисмани, СДСМ
15. Ќемал Незири, СДСМ

# КАКВА Е СОСТОЈБАТА?!

Нашата држава се наоѓа на сериозна пресвртница. Премногу долго се потиснуваат реалните проблеми зад статистички извештаи и политички декларации. Вистината не може да се крие во розови интерпретации на податоци од разни табели – таа се слуша од гласот на граѓаните, од нивните секојдневни борби, стравови и стремежи.

Ние нема да ги игнорираме тие гласови. Ние ги слушаме, ги разбираме и дејствуваме. Нашата програма нема да се темели врз празни ветувања, туку врз соочување со реалноста, со изгубената надеж од предолгата транзиција на општеството, закочените европски интеграции и сè поизразената злоупотреба на власта.

Подолу ги претставуваме клучните предизвици со кои се соочуваме како општество. Време е да се соочиме со нив, без страв и без одлагање.

- **Значајно е намалена безбедноста на граѓаните**
- Здравствени ризици од енормно загадување
- Сообраќајна небезбедност
- Инфраструктурни недостатоци
- Кучиња скитници





## Институционална нефункционалност

- Партизација и слаб институционален капацитет
- Нехумано урбанистичко планирање
- Лошо одржување на инфраструктурата
- Еколошка деградација

## Корупцијата во јавните услуги

- Клиентелизам и непрофесионална јавна администрација
- Узурпации и непланско градење
- Неконтролирана експлоатација на ресурси
- Одолговлекување на постапки, наместо дигитализација

## Економска несигурност и масовно иселување

- Висока инфлација која ги топи платите
- Недоверба во системот
- Несоодветни јавни политики
- Бесперспективност







**СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!**

# НАШИОТ ПРИСТАП

Свесни за состојбите, за разочараноста на граѓаните и за политичката апатија што владее во општеството, храбро ја преземаме одговорноста да бидеме политички медиум преку кој граѓаните ќе можат да го направат посакуваниот целосен рестарт на системот.

Нашиот пристап се базира врз четири клучни столба околу кои би гравитирале сите стратегии, политики и проекти на СДСМ на претстојните локални избори и во време на мандатите на нашите градоначалници и членови на совети, кои ќе имаат реално позитивно влијание врз локалното население.

Ова не е само политичка платформа. Ова е повик за обнова на довербата, на системот, на иднината.



- **Младите во фокусот – Нова парадигма за здрав и одржлив развој**
- Градиме здрави и демократски свесни индивидуи
- Да бидеме поле за здрав и одржлив развој наместо расадник за светот
- Младите се нашата иднина и надеж – лесно достапно домување



## Чиста и здрава животна средина

- Беспрекорна комунална хигиена
- Чист воздух преку справување со изворите на загадувањето
- Расчистување на дивите депонии



## Функционален и безбеден јавен простор

- Хуман урбанизам – резиденцијални и културни/социјални хабови
- Сообраќајна безбедност
- Модерен и лесно достапен јавен превоз
- Зголемена мобилност



## Општини по мерка на граѓаните

- Отворени општини за граѓаните
- Да се слушне гласот на граѓаните
- Отчетни општини – нулта корупција
- Услужни и ефикасни општини



**СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!**



# МОЈАТА ВИЗИЈА

- **Зошто повторно се кандидирате? Што е мотивот?**

Се кандидирам повторно затоа што верувам дека Желино заслужува континуитет во развојот. Мојот мотив е јасен – подобар живот за сите, еднакви можности и реални решенија за проблемите.

- **Колку е важно да се има визија за општината и за општеството?**

Визијата е основа на секој успех. Без неа нема напредок. Визија не само за општината, туку и за општеството во целина – визија на „едно општество за сите“, што СДСМ го промовира и го реализира.

- **Што мора да се направи во следниот мандат? Дали се доволни инфраструктурни проекти?**

Инфраструктурата е важна, и постигнавме многу, но сега треба да се фокусираме и на

подобри јавни услуги, социјални програми, образование и економски развој. Само така ќе направиме вистинска промена.

- **Колку се важни младите за нашата општина?**

Младите се иднината на Желино. Ќе вложуваме во нив преку образовни, спортски и културни проекти, но и ќе создадеме услови да останат и напредуваат тука, дома.

- **Како гледате на општата безбедност на граѓаните?**

Безбедноста мора да биде приоритет. Ќе работиме со институциите за подобра осветленост, надзор и превенција. Сите граѓани заслужуваат безбедна општина.

- **Дали доброто планирање е клуч за подобар живот?**

Да, планирањето е клучно. Без хаос, со јасна визија за просторот и со одржлива мобилност, ќе овозможиме поквалитетно секојдневие за сите генерации.

- **Загаденоста и отпадот – осудени ли с ме на тоа?**

Не сме осудени. Напротив, веќе направивме чекори, а следува уште повеќе: расчистување на дивите депонии, екоиницијативи и подобра јавна хигиена со вклученост на граѓаните.

- **Дали може да се поврати довербата во системот?**

Може, со работа, отчетност и транспарентност. Ќе бидеме целосно отворени кон граѓаните – вашите пари, ваши проекти, ваш глас. Само така ќе изградиме доверба.

- **Иселувањето и наталитетот – имаме ли иднина без луѓе?**

Немаме иднина без луѓе. Затоа ќе инвестираме во локалната економија, поддршка за млади семејства, и ќе создадеме реална перспектива – за луѓето да останат и да се вратат.

- **Зошто граѓаните да гласаат за вас?**

Затоа што сум еден од вас, жител на оваа општина, со резултати зад себе и јасна визија напред. СДСМ го носи концептот „едно општество за сите" и со ваша доверба, ќе продолжиме да градиме општина што функционира за сите.

СЕ БОРИМЕ
ЗА НАШИОТ ДОМ!

# ЗАЕДНО ДА ГИ МЕНУВАМЕ СОСТОЈБИТЕ!

Создаваме еднакви можности за сите, без разлика на возраст, пол или етничка припадност. Градиме општина по мерка на граѓаните

Целни групи

- **Млади:**
  - Поддршка за младински организации и иницијативи
  - Финансирање на стартапи и социјални бизниси
  - Формирање младински центар во општината
  - Поддршка за мобилност и практики во земјава и странство
- **Жени:**
  - Програми за економско зајакнување на жените (обука, поддршка за сопствен бизнис)
  - Поддршка за самохрани мајки и жени во рурални средини
  - Зголемување на бројот на жени во локалната администрација и јавен живот
- **Пензионери:**
  - Отворени дневни центри за стари лица
  - Олеснување на пристапот до јавни услуги



Области

- **Образование:**
  - Реновирање на училиштата и обезбедување современи услови за настава
  - Стипендии за ученици и студенти од семејства со низок приход
- **Култура:**
  - Организирање локални манифестации, изложби, фестивали
  - Поттик за традиционалната и етнокултура како богатство на заедницата
  - Поддршка за млади уметници и културни клубови
- **Спорт:**
  - Поддршка на локални спортски клубови и изградба на нови спортски игралишта
  - Редовни спортски настани со вклучување на сите генерации
- **Транспорт и мобилност:**
  - Воведување локален јавен транспорт за селата околу центарот
  - Безбедни патишта, тротоари и велосипедски патеки
  - Поддршка за еколошки превоз и електрични возила
- **Животна средина:**
  - Чистење диви депонии и поставување нови контејнери
  - Редовна дезинфекција и одржување на јавните простори
  - Засадување зелени површини и урбани минипаркчиња
  - Едукација за одржлив развој и рециклирање

# КАПИТАЛНИ ПРОЕКТИ

## Нова детска градинка во Желино

Проектот предвидува изградба на целосно нова современа детска градинка во с. Желино. Објектот ќе биде со капацитет 80-100 деца со современи услови. Ќе се вработат нови воспитувачи и помошен персонал. Потребно за општината.

**Влијание на проектот:**
Со изградба на оваа градинка ќе се реши долгогодишниот проблем со недостигот од јавно достапни капацитети за згрижување деца.

**Целна група:**
Деца од 1 до 5 години

**Рок на реализација**
2027

**Буџет**
400,000



## Шеталиште покрај реката Вардар во Желино

Проектот предвидува уредување на просторот покрај реката со пешачки патеки, урбана опрема, клупи, осветлување, дрвореди и рекреативни зони.

**Влијание на проектот:**
Ќе се создаде нов простор за одмор, рекреација и социјализација, особено за младите. Со ова ќе се зголеми атрактивноста на населеното место.

**Целна група:**
Сите граѓани, особено млади, спортисти и семејства.

**Рок на реализација**
2028

**Буџет**
350,000

## Реконструкција на основното училиште „Хасан Тахсини“ с. Рогле

Проектот предвидува целосна реконструкција на објектот на ОУ „Хасан Тахсини“ во село Рогле. Ќе се извршат градежни зафати на покривната конструкција, фасадата, прозорците и вратите, ќе се заменат електричните и водоводните инсталации. Внатрешноста на училиштето ќе добие нови подови, санитарии, осветлување и опрема за училниците, интерактивни табли.

**Влијание на проектот:**
Со реконструкцијата значително ќе се подобрат условите за наставата и престој на учениците и наставниот кадар. Проектот ќе придонесе за поквалитетно образование, мотивација кај учениците, како и безбедна и здрава околина за развој и учење.

**Целна група:**
Учениците, наставниците и родителите во с. Рогле.

**Рок на реализација** 2028

**Буџет** 275000

# ПРОЕКТИ

## Изградба на спортско игралиште во село Чифлик

Селото Чифлик, како една од руралните населби на Општина Желино, нема соодветен спортски простор за рекреација на младите и организирани активности. Со овој проект се предвидува изградба на мултифункционално спортско игралиште, на предвидена локација до ОУ „Пашко Васа".

**Влијание на проектот:**
Изградба на игралиштето ќе обезбеди соодветен простор за физичка активност, дружење и организирање спортски настани за младите од с. Чифлик и околните села.

Ќе се поттикне здрав живот и ќе се создаде центар за социјализација во селото.

**Целна група:**
Млади, ученици, спортисти.

**Рок на реализација**
2026

**Буџет**
175000

## Мултифункционален центар за млади со библиотека и соодветна просторија за дружба на пензионерите.

Овој проект има цел изградба на мултифункционален општински објект во централното подрачје на Желино, кој ќе служи како културно, едукативно и социјално средиште за младите, учениците, пензионерите и сите жители на општината. Објектот ќе биде пристапен за сите.

**Влијание на проектот:**
Со овој центар, општината добива вистинско место за социјализација, младинска енергија и грижа за возрасните. Младите ќе имаат простор за развој, проекти. Пензионерите место за социјализација и достоинствено стареење, центар за целата заедница.

**Целна група:**
Млади, студенти, ученици, пензионери, граѓански организации.

**Рок на реализација**
2026-2027

**Буџет**
250,000

# ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ – СО ВЛИЈАНИЕ ВО СЕКОЈА УРБАНА И МЕСНА ЗАЕДНИЦА

- Детско игралиште на с. Стримница
- Улично осветлување на населените места каде што е најпотребно
- Поставување „лежечки полицајци" пред ОУ „Луиѓ Гуракуќи" Желино, и ОУ „Раметула Амети" Чифлик и ОУ „Ибрахим Темо" - с. Стремница
- Детско игралиште на с. Требош
- Водовод и канализација
- Асфалтирање на ул. „101" Желино - што го врзува главниот булевар со другата улица - реконструкција
- Бехатонизација на локалните улици во населените места каде што нема (Добарце, Ларце, Мерово, Требош, Палатица, Стремница)
- Реновирање на спортското игралиште на ОУ „Луиѓ Гуракуќи" - отворен тип.
- Реактивирање на фудбалскиот клуб ФК „Лирија" Желино.
- Изградба на нова детска градинка во с. Желино.

# СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!

СДСМ
И КОАЛИЦИЈАТА